АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти 1000 Скопје, Република Северна Македонија
rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veri
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 14-312/1
07.04 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**01.4.2022 година**

# УПАТСТВО[1]
## за евидентирање (книжење) на трошоци за провизија и останатите трошоци за стекнување по однос на склучени договори за осигурување во деловната евиденција на друштвата за неживотно осигурување (со практични примери)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Агенцијата за супервизија на осигурување донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за Контен план за друштвата за осигурување и реосигурување ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 303/2021). Со измените се врши допрецизирање на одредбите од Правилникот за контен план кои се однесуваат на сметководствено признавање односно евидентирање на трошоците за стекнување. Со измената се предвидува трошоците за провизија спрема застапниците, друштвата за застапување во осигурување и осигурително брокерските друштва (како дел од вкупните трошоци за стекнување на друштвата) да се признаваат како расход на друштвото за осигурување во моментот на сметководствено признавање (евидентирање) на приходот по основ на премија со што ќе се обезбеди конзистентност во начинот на признавање на бруто полисираната премија за осигурување како приход и провизијата за осигурување (трошок за стекнување) како расход на друштвото за осигурување.

Со ова Упатство, во согласност со Правилникот за контен план, се утврдуваат општи насоки за евидентирање (книжење) на трошоците за провизија спрема застапници и посредници во осигурување во однос на склучени договори (полиси) за осигурување во деловната евиденција на друштвата за осигурување кои вршат работи на осигурување во класите на осигурување во рамки на групата на неживотно осигурување (за кои не се издвојува математичка рзерва).

Евидентирањето на останатите трошоци за стекнување признаени во Правилникот за контен план (конто 420 -Трошоци за одобрени бонуси и попусти, конто 4700 - Плати на вработени во внатрешната продажна мрежа и конто 453д - Трошоци за печатење на обрасци) се евидентираат (книжат) во деловната евиденција на друштвото согласно истите принципи кои се однесуваат на трошоците за провизија.

[1] Упатството нема сила на правен акт.

Целта на ова Упатство е да обезбеди конзистенстност во водење на сметководствено-деловната евиденција на друштвата за осигурување и соодветна споредливост на нивните финансиски извештаи.

## II. РЕЛЕВАНТНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ КНИЖЕЊА

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| **I. Евидентирање на Бруто пресметана провизија за осигурување (во момент на признавање на приход по основ на Бруто полисира премија (БПП), без разлика дали трошоците во целост или делумно се однесуваат на наредниот пресметковен период и без разлика на начинот и времето на исплата на провизијата договорен со застапникот односно посредникот)** | | | | |
| Се евидентира цел износ на провизија утврден во договорот за застапување односно посредување | | | | |
| 430 | | Трошоци за провизија | | |
| | 297 | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | | |
| **II. Евидентирање на Одложени трошоци за стекнување (одложување на трошоците за стекнување односно нивно капитализирање, согласно истите принципи согласно кои се одлага приходот по основ на премија за осигурување БПП и се формира резерва за преносна премија (РПП)** | | | | |
| Се евидентира дел од износот на провизија евидентиран на конто 430 кој се однесува на наредниот пресметковен период | | | | |
| 1920 | | Одложени трошоци за стекнување | | |
| | 438 | Промена во одложените трошоци за стекнување | | |
| **III. Евидентирање на Бруто пресметана провизија за осигурување (согласно условите предвидени во договорот со застапникот односно посредникот, пр.кога ќе се изврши наплата на премијата за осигурување по конкретниот договор за осигурување, доколку истото е ставено како услов во договорот склучен со застапникот/посредникот)** | | | | |
| Се евидентира износот на провизија кој му следува на застапникот односно посредникот согласно условите во договорот а по настапување на услови (пр. наплатена е премијата за осигурување на сметка на ДО, поради што му следува провизија на застапникот) | | | | |
| 297 | | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | | |
| | 234 | Обврски за провизија по основ на работи на застапување и посредување во осигурувањето | | |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **IV. Фактичка исплата на провизија (според склучен договор со посредникот)** | | | | |
| Се евидентира износот на провизија кој ДО му го плаќа на застапникот односно посредникот | | | | |
| 234 | | Обврски за провизија по основ на работи на застапување и посредување во осигурувањето | | |
| | 1000 | Жиро сметка | | |
| **V. Исправка на вредност на обврските по основ на провизија (доцнење во наплата на премијата за осигурување од страна на застапникот) или престанок на обврската на друштвото согласно договорот склучен со застапникот односно посредникот – (отпис)** | | | | |
| Се евидентира износот на исправка на вредност на обврската по основ на провизија согласно истите принципи како и за побарувањето по основ на премија | | | | |
| 297[2] | | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | | |
| | 719[3] | Останати осигурително технички приходи | | |
| **VI. Затварање на исправката на вредност на обврските по основ на провизија (поради исплата на провизија на застапникот)** | | | | |
| Се евидентира износот кој бил евидентиран како исправка на вредност на обврската за провизија спрема застапникот односно посредникот а кој се затвара поради исплата на провизијата спрема застапникот односно посредникот | | | | |
| 719 | | Останати осигурително технички приходи | | |
| | 297 | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | | |

[2] Аналитика преку која посебно ќе се прикажува делот кој се однесува на исправка на вредност а посебно делот кој се однесува на отпис
[3] Аналитика преку која посебно ќе се прикажува делот кој се однесува на исправка на вредност а посебно делот кој се однесува на отпис

## III. ПРЕГЛЕД НА КОНТА И ГРУПИ НА КОНТА ПО ПОЗИЦИИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (БИЛАНС НА УСПЕХ)

| Број на позиција | Група на конта, конта |
|---|---|
| 2 | 3 |
| 202 | 700 |
| 203 | 701 |
| 204 | 702 |
| 205 | 703 |
| 206 | 704 |
| 207 | 705 |
| 208 | 706 |
| 209 | 707 |
| 211 | 7200, 7210, 7220, 7230, 7240, 7250, 7260, 7270, 729д |
| 213 | 7279 |
| 214 | 7245 |
| 215 | 7263 |
| 216 | 7201, 7202, 7203, 7204, 7205, 7206, 7209 |
| 217 | 7221, 7222, 7223, 7224, 7225, 7226, 7229 |
| 218 | 7251, 7252, 7253, 7259 |
| 220 | 7261 |
| 221 | 7262 |
| 222 | 7269 |
| 223 | 7211, 7231, 7232, 7239, 7241, 7242,7243, 7244, 7249, 729д |
| 223а | 710 |
| 224 | 711, 712,713,714, 719 |
| 225 | 730, 731, 732, 733, 734, 735, 736, 737, 738, 739 |
| 228 | 400 |
| 229 | 401 |
| 230 | 402 |
| 231 | 403 |
| 232 | 404 |
| 233 | 405 |
| 234 | 406 |
| 237 | 4100, 4102, 4103 |
| 238 | 4110, 4112, 4113 |
| 240 | 414 |
| 241 | 415 |
| 243 | 412, 416 |
| 244 | 413, 417 |
| 246 | 4101 |
| 247 | 4111 |
| 249 | 4200 |
| 250 | 4201 |
| 253 | 430 |
| 253а | 4700 |
| 254 | 420, 453д |
| 255 | 438 |
| 257 | 44 |
| 258а | 4701д, 4702д, |
| 258б | 4701д, 4702д, |
| 258в | 4701д, 4702д, |
| 258г | 471 |
| 258д | 479 |
| 259 | 431 |

| | |
|---|---|
| 260а | 432, 433,434, 435, 436, 4370, 4371, 4372, 439, |
| 260б | 450,451,452,453д, 454,455,456,459, |
| 260в | 460, 461, 462, 463, 464, 465, 466, 467, 468, 469 |
| 262 | 490 |
| 263 | 480 |
| 264 | 481 |
| 265 | 483 |
| 267 | 4841 |
| 268 | 4842 |
| 269 | 4840, 4843, 4849 |
| 270 | 482,485,489 |
| 272 | 424 |
| 273 | 421, 422, 423, 425, 429 |
| 274 | 494 |
| 275 | 491, 492, 493, 495, 496, 497, 498 |
| 276 | 801 |
| 277 | 802 |
| 278 | 810, 811 |
| 280 | 820 |
| 281 | 821 |

## IV. РЕЛЕВАНТНИ ПРИМЕРИ

**Пример 1:**

Договор за осигурување (полиса) по основ на осигурување од автомобилска одговорност - зелена карта склучен на ден 1.7.2021 година каде осигурителното покритие започнува на 1.7.2021 година а бруто премијата за осигурување изнесува 3690 денари. Не е предвиден финансиски попуст. Договорот е склучен преку застапник во осигурување кој согласно договорот за застапување во осигурување се стекнува (има право) со провизија во износ од 10% по целосна уплата на премијата за осигурување на сметка на друштвото за осигурување. Согласно договорот со застапникот предвидено е дека застапникот нема право на провизија доколку премијата не е наплатена по истек на 6 месеци од денот на склучување на договорот за осигурување. Премијата е наплатена на 2.10.2021 година.

**1.7.2021 година (склучен договор за осигурување)**

I. Евидентирање на Бруто пресметана премија за осигурување (се евидентира износот на премија кој е договорен (полисиран) во тековниот пресметковен период, без разлика дали истиот во целост или делумно се однесува на нареден период пресметковен период)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 1200 | | Побарување по основ на премија за осигурување | 3690 | |
| | 700 | Бруто полисирана премија за осигурување | | 3690 |

II. Евидентирање на Бруто пресметана провизија за осигурување (се евидентира износот на провизија кој е договорен (му следува на застапникот) без разлика дали трошоците за провизија во целост или делумно се однесуваат на наредниот пресметковен период и без разлика на начинот и времето на исплата на провизијата договорен со застапникот.

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 430 | | Трошоци за провизија | 369 | |
| | 297 | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | | 369 |

30.9.2021 година (квартална пресметка[4])

I. Евидентирање на резервата за преносна премија (на датумот на пресметка и известување)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 705 | | Промена во Бруто резервата за преносна премија | 2768 | |
| | 6000 | Бруто резерва за преносна премија | | 2768 |

II. Евидентирање на Одложени трошоци за стекнување - одложување на трошоците за стекнување односно нивно капитализирање, согласно истите принципи согласно кои се одлага приходот по основ на премија за осигурување БПП и се формира резерва запреносна премија (РПП) (Се евидентира дел од износот на провизија евидентиран на конто 430 кој се однесува на наредниот пресметковен период)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 192001 | | Одложени трошоци за провизија на застапници во осигурување | 277 | |
| | 438 | Промена во одложените трошоци за стекнување | | 277 |

III. Евидентирање на Исправка на вредност на бруто полисирана премија согласно Правилник на АСО (доцнење од 60-120 дена минимум 31% исправка)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 4940 | | Загуби поради обезвреднување на побарувања по основ на премија за осигурување посебна резерва | 1144 | |
| | 1290 | Исправка на вредност на побарувањата од непосредни работи на осигурување – резервирања (посебна резерва) | | 1144 |

[4] Во примерот е дадена квартална пресметка (на крајот на секој квартал 31.3/30.6/30.9 и 31.12) имајќи ја предвид минималната фрекфенцијата на пресметка и известување за финансиски извештаи до Агенцијата за супервизија на осигурување утврдена во Законот за супервизија на осигурување и соодветни правилници. Евиденцијата и пресметката на сите ставки од деловните биланси друштвото треба да се прави на редовна основа.

IV. Евидентирање на Исправка на вредност на обврска по основ на провизија согласно истите проценти кои се утврдени за исправка на вредност на побарувањата по онов на премија (доцнење од 60-120 дена минимум 31% исправка)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 297 | | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | 114,4 | |
| | 719 | Останати осигурително технички приходи | | 114,4 |

**2.10.2021 година (наплата на премијата во целост и исплата на провизија спрема застапникот)**

I. Евидентирање на наплатената премија по основ на склучениот договор за осигурување

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 100 | | Парични средства во банка во домашна валута | 3690 | |
| | 1200 | Побарување по основ на премија за осигурување | | 3690 |

II. Евидентирање на провизијата која му следува на застапникот

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 297 | | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | 369 | |
| | 2341 | Обврски по основ на провизија на застапници во осигурувањето | | 369 |

III. Евидентирање на фактичка исплата на провизија спрема застапникот

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 2341 | | Обврски по основ на провизија на застапници во осигурувањето | 369 | |
| | 100 | Парични средства во банка во домашна валута | | 369 |

IV. Евидентирање на затварање на исправката на вредност на вредност на премијата за осигурување (поради наплата на премијата)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 1290 | | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | 1144 | |
| | 494 | Обврски по основ на провизија на застапници во осигурувањето | | 1144 |

V. Евидентирање на затварање на исправката на вредност на обврската по основ на провизија (поради исплата на провизија)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 719 | | Останати осигурително технички приходи | 114,4 | |
| | 297 | Обврски по основ на провизија на застапници во осигурувањето | | 114,4 |

**2.10.2021 година**

## Конта Биланс на успех

| Конта | Опис | Должи | Побарува | Салдо должи | Салдо побарува |
|---|---|---|---|---|---|
| 700 | Бруто полисирана премија за осигурување | | 3690 | | 3690 |
| 705 | Промена во бруто резервата за преносна премија | 2768 | | 2768 | |
| 4940 | Загуби поради обезвредување на побарувања | 1144 | 1144 | 0 | 0 |
| 430 | Трошоци за провизија | 369 | | 369 | |
| 438 | Промена во одложените трошоци за стекнување | | 277 | | 277 |
| 719 | Останати осигурително технички приходи | 114 | 114 | 0 | 0 |

## Конта Биланс на состојба

| Конта | Опис | Должи | Побарува | Салдо должи | Салдо побарува |
|---|---|---|---|---|---|
| 1200 | Побарување по основ на премија за осигурување | 3690 | 3690 | 0 | 0 |
| 1290 | Исправка на вредност на побарувањата од непосредни работи на осигурување – резервирања (посебна резерва) | 1144 | 1144 | 0 | 0 |
| 100 | Парични средства во банка во домашна валута | 3690 | 369 | 3321 | |
| 192001 | Одложени трошоци за провизија на застапници во осигурување | 277 | | 277 | |
| 2341 | Обврски по основ на провизија на застапници во осигурувањето | 369 | 369 | 0 | 0 |
| 297 | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | 114<br>369 | 369<br>114 | 0 | 0 |
| 6000 | Бруто резерва за преносна премија | | 2768 | | 2768 |

**Пример 2:**

Договор за осигурување (полиса) по основ на осигурување од автомобилска одговорност - зелена карта склучен на ден 1.7.2021 година каде осигурителното покритие започнува на 1.7.2021 година а бруто премијата за осигурување изнесува 3690 денари. Не е предвиден финансиски попуст. Договорот е склучен преку застапник во осигурување кој согласно договорот за застапување во осигурување се стекнува (има право) со провизија во износ од 10% по целосна уплата на премијата за осигурување на сметка на друштвото за осигурување. Согласно договорот со застапникот предвидено е дека застапникот нема право на провизија доколку премијата не е наплатена по истек на 6 месеци од денот на склучување на договорот за осигурување. Премијата не е наплатена по истек на 6 месеци од склучување на полисата.

**1.7.2021 година (склучен договор за осигурување)**

I. Евидентирање на Бруто пресметана премија за осигурување (се евидентира износот на премија кој е договорен (полисиран) во тековниот пресметковен период, без разлика дали истиот во целост или делумно се однесува на нареден период пресметковен период.)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 1200 | | Побарување по основ на премија за осигурување | 3690 | |
| | 700 | Бруто полисирана премија за осигурување | | 3690 |

II. Евидентирање на Бруто пресметана првизија за осигурување (се евидентира износот на провизија кој е договорен (му следува на застапникот) без разлика дали трошоците за провизија во целост или делумно се однесуваат на наредниот пресметковен период и без разлика на начинот и времето на исплата на провизијата договорен со застапникот.

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 430 | | Трошоци за провизија | 369 | |
| | 297 | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | | 369 |

30.9.2021 година (квартална пресметка)[5]

I. Евидентирање на резервата за преносна премија (на датумот на пресметка и известување)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 705 | | Промена во Бруто резервата за преносна премија | 2768 | |
| | 6000 | Бруто резерва за преносна премија | | 2768 |

II. Евидентирање на Одложени трошоци за стекнување - одложување на трошоците за стекнување односно нивно капитализирање, согласно истите принципи согласно кои се одлага приходот по основ на премија за осигурување БПП и се формира резерва за преносна премија (Се евидентира дел од износот на провизија евидентиран на конто 430 кој се однесува на наредниот пресметковен период)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 192001 | | Одложени трошоци за провизија на застапници во осигурување | 277 | |
| | 438 | Промена во одложените трошоци за стекнување | | 277 |

III. Евидентирање на Исправка на вредност на бруто полисирана премија согласно Правилник на АСО (доцнење од 61-120 дена - минимум 31% исправка)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 4940 | | Загуби поради обезвреднување на побарувања по основ на премија за осигурување посебна резерва | 1144 | |
| | 1290 | Исправка на вредност на побарувањата од непосредни работи на осигурување – резервирања (посебна резерва) | | 1144 |

[5] Во примерот е дадена квартална пресметка (на крајот на секој квартал 31.3/30.6/30.9 и 31.12) имајќи ја предвид минималната фрекфенцијата на пресметка и известување за финансиски извештаи до Агенцијата за супервизија на осигурување утврдена во Законот за супервизија на осигурување и соодветни правилници. Евиденцијата и пресметката на сите ставки од деловните биланси друштвото треба да се прави на редовна основа.

IV. Евидентирање на Исправка на вредност на обврска по основ на провизија согласно истите проценти кои се утврдени за исправка на вредност на побарувањата по онов на премија (доцнење од 61-120 дена минимум 31% исправка)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 297 | | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | 114,3 | |
| | 719 | Останати осигурително технички приходи | | 114,3 |

**31.12.2021 година (квартална пресметка)**

I. Евидентирање на резервата за преносна премија (на датумот на пресметка и известување)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 6000 | | Бруто резерва за преносна премија | 2768 | |
| | 705 | Промена во Бруто резервата за преносна премија | | 2768 |
| 705 | | Промена во Бруто резервата за преносна премија | 1850 | |
| | 6000 | Бруто резерва за преносна премија | | 1850 |

II. Евидентирање на Одложени трошоци за стекнување - одложување на трошоците за стекнување односно нивно капитализирање, согласно истите принципи согласно кои се одлага приходот по основ на премија за осигурување БПП и се формира резерва запреносна премија (РПП) (Се евидентира дел од износот на провизија евидентиран на конто 430 кој се однесува на наредниот пресметковен период)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 438 | | Промена во одложените трошоци за стекнување | 277 | |
| | 192001 | Одложени трошоци за провизија на застапници во осигурување | | 277 |
| 192001 | | Одложени трошоци за провизија на застапници во осигурување | 185 | |
| | 438 | Промена во одложените трошоци за стекнување | | 185 |

III. Евидентирање на Исправка на вредност на бруто полисирана премија согласно Правилник на АСО (доцнење од 121-270 дена минимум 51% исправка)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 1290 | | Исправка на вредност на побарувањата од непосредни работи на осигурување – резервирања (посебна резерва) | 1144 | |
| | 4940 | Загуби поради обезвреднување на побарувања по основ на премија за осигурување посебна резерва | | 1144 |
| 4940 | | Загуби поради обезвреднување на побарувања по основ на премија за осигурување посебна резерва | 1882 | |
| | 1290 | Исправка на вредност на побарувањата од непосредни работи на осигурување – резервирања (посебна резерва) | | 1882 |

IV. Евидентирање на Исправка на вредност на обврска по основ на провизија согласно истите проценти кои се утврдени за исправка на вредност на побарувањата по онов на премија (доцнење од 121-270 дена минимум 51% исправка)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 719 | | Останати осигурително технички приходи | 114,3 | |
| | 297 | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | | 114,3 |
| 297 | | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | 188 | |
| | 719 | Останати осигурително технички приходи | | 188 |

**2.1.2022 година (прв датум по истек на шест месеци од 1.7.2021 година кога е склучена полисата)**

V. Евидентирање на затварање на исправката на вредност на обврската по основ на провизија - отпис (поради непостоење на обврска за исплата на провизија спрема застапникот согласно склучениот договор, истекле 6 месеци од денот на склучување на полисата а премијата не е наплатена)

| Конто должи | Конто побарува | Опис | Должи | Побарува |
|---|---|---|---|---|
| 297 | | Останати осигурително технички приходи | 181 | |
| | 719 | Обврски по основ на провизија на застапници во осигурувањето | | 181 |

**2.1.2022 година**

## Конта Биланс на успех

| Конта | Опис | Должи | Побарува | Салдо должи | Салдо побарува |
|---|---|---|---|---|---|
| 700 | Бруто полисирана премија за осигурување | | 3690 | | 3690 |
| 705 | Промена во бруто резервата за преносна премија | 1850 | | 1850 | |
| 4940 | Загуби поради обезвредување на побарувања | 1881 | | 1881 | |
| 430 | Трошоци за провизија | 369 | | 369 | |
| 438 | Промена во одложените трошоци за стекнување | | 185 | | 185 |
| 719 | Останати осигурително технички приходи | | 188<br>181 | | |

## Конта Биланс на состојба

| Конта | Опис | Должи | Побарува | Салдо должи | Салдо побарува |
|---|---|---|---|---|---|
| 1200 | Побарување по основ на премија за осигурување | 3690 | | 3690 | |
| 1290 | Исправка на вредност на побарувањата од непосредни работи на осигурување – резервирања (посебна резерва) | | 1881 | | 1881 |
| 100 | Парични средства во банка во домашна валута | | | | |
| 192001 | Одложени трошоци за провизија на застапници во осигурување | 185 | | 185 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2341 | Обврски по основ на провизија на застапници во осигурувањето | | | | |
| 297 | Обврски за пресметани а одложени трошоци за провизија | 188<br>181 | 369 | | |
| 6000 | Бруто резерва за преносна премија | | 1850 | | 1850 |

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Претседател на Совет на експерти,**
**Крсте Шајноски**